РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-1/1
27.10. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА –„ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ - СКОПЈЕ

**Октомври 2023, Скопје**

## ВОВЕД

Овој извештај ги презентира законските надлежности на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ – Скопје, која е формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 март 2023 година, со Одлука за основање на Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ – Скопје, бр.41-3061/3 од 21.3.2023 година проценка на внатрашната организација потребна за остварување на законските надлежности и проценка на работните места потребни за остварување на законските надлежности по организациски единици.

## ЦЕЛИ НА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

Функционалната анализа се фокусира на човечките капацитети кои треба установата да ги поседува за реализација на своите надлежности и цели. Како резултат на анализата, извештајот воедно дава препораки во насока на поставување на соодветна структура, за да може Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ - Скопје на квалитетен начин да ги остварува своите стратешки цели и да ја извршува својата законска надлежност.

## ОПСЕГ НА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

Методологијата која беше применета при анализата се базира на надлежности, планови, ги опфаќа сите работни области, организација, распределба, способности, компетенции на вработените и преглед на функции. Анализата ги идентификува надлежностите кои се извршуваат во установата, и тоа:

- Функција на давање услуги (на администрацијата или на граѓаните),
- Функција на поддршка (финансиско управување, управување со човечки ресурси, ИКТ, обуки, ревизија).

## ПОДАТОЦИ ЗА ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА УСТАНОВАТА

Основна дејност на Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ - Скопје согласно Одлуката за основање е музичката дејност, односно подготвување и јавно изведување на музички дела од областа на џезот и сродните жанрови и афирмација на музичкото творештво, промовирање на културната различност и рамноправност на културните жанрови.

Во работењето на установата, како и постапките за вработување и други одредби се применуваат одредбите од Законот за култура, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи

и други подзаконски акти.

Надлежностите и одговорностите на установата се дефинирани во Статутот наНационална Установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје. Согласно Статутот основна дејност на установата е изведувачка уметност. Во рамките на основната дејност, установата ги врши работите што се однесуваат на:

- Подготовка и јавна изведба на вокална и инструментална џез музика;
- Подготовка и сценска изведба на џез концерти и други музички изведби воземјата и странство;
- Воспоставување на регионална и меѓународна соработка со музичари и оркестри од областа на џез музиката со цел зголемување на промоцијата на џез музиката на национално, регионално и меѓународно ниво;
- Врши и други работи во согласност со закон и Статутот на установата.

Покрај основната дејност, Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје, ќе ги врши и следниве дополнителни дејности, и тоа:

- Изведувачка дејност;
- Помошни дејности во изведувачката дејност;
- Уметничко творештво;
- Репродукција на снимени медиуми;
- Снимање на звучни записи и издавање на музички записи;
- Издавање на книги;
- Издавање на списанија и периодични публикации;
- Други издавачки дејности.

## ПРОЦЕНКА НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПОТРЕБНА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА УСТАНОВАТА, ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје од ваков тип на институции во областа на културата, има комплексен системна функционирање, со оглед на функциите кои треба да се извршуваат во рамки наустановата, односно покрај подготовката и изведбата на уметнички дела (музички претстави, концерти и други проекти), се извршуваат и сите подготвителни дејствија во врска со програмата за работа (што подразбира изработка на сценографски елементи, поставување светло, тон, манипулирање со компјутерскиот систем на сцена, и други дејствија на сцена, како и одржување на трафостаници, машинскисистем за сценска манипулација, систем за ладење), како и во врска со одржувањето на објектот.

Резултатот на таа комплексност и хетерогеност на работни места, е сложена внатрешна организациона поставеност во установата и систематизираност на

работни места во повеќе нивоа, со соодветни степени на обврски и одговорности воработниот процес.

За таа цел структурата на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ - Скопје, според работите и задачите се групираат според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики на работите и задачите, видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивното извршување и тоа во оваа структура:

1. Сектор за административни, општи и правни работи:
1.1. Одделение за административни, општи и правни работи,
1.2. Одделение за материјално-финансиско работење.

2. Сектор за маркетинг, односи со јавност и човечки ресурси:
2.1. Одделение за маркетинг и односи со јавност,
2.2. Одделение за човечки ресурси.

3. Уметничка служба– Оркестар за џез музика

Внатрешната организација соодветствува на потребите на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ – Скопје тргнувајќи од карактерот на дејноста која ќе ја извршува е предвидена уметничка служба односно Оркестарот за џез музика. Покрај Уметничката служба– Оркестар за џез музика, внатрешната организацијапредвидува и два сектори во чија надлежност е административното работење на националната установа. Во рамките на административното работење се предвидени Сектор за административни, општи и правни работи во рамките на кој се предвидени Одделението за административни, општи и правни работи и Одделение за материјално-финансиско работење. Оваа структура на Секторот за административни, општи и правни работи е утврдена согласно потребата која ќе ја има Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ –Скопје согласно бројот на вработени лица и обемот на работа во однос на обезбедување на нормално функционирање на Националната установа. Покрај, Секторот за административни, општи и правни работи, Актот за внатрешна организација предвидува и Сектор за маркетинг, односи со јавност и човечки ресурси во рамките на кои се предвидени две одделенија, Одделение за маркетинг и односи со јавност и Одделение за човечки ресурси. Оваа структура е согласно обемот на работа во делот на менаџирање со маркетинг стратегијата на Националната установа и односите за јавност кои се од значење за нормално функционирање на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ – Скопје, како и управувањето со човечките ресурси на установата.

## ПРОЦЕНКА НА РАБОТНИ МЕСТА ПОТРЕБНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

Според горенаведените функции и надлежности на новоформираната Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје, како и од анализата на овие надлежности во однос на делокругот на работењето на установата, се предлагаат следните работни места:

(1) Работни места на административните службеници согласно Законот за административни службеници:

- Ниво Б2 -2 Раководителнасектор
- Ниво Б4-4 Раководителнаодделение
- Ниво В1-3 советник
- Ниво В3-3 соработник
- Ниво В4 -2 помладсоработник
- Ниво Г1-1 самостоенреферент

или вкупно 15 систематизирани и непополнети работни места за 15 извршители во Администрацијата.

(2) Работни места даватели на услуги/новители на дејност во согласност со Законот за култура:

Категорија А - уметници
- Ниво А1-1 диригент
- Ниво А2 -2 концертмајстор
- Ниво А3-7
- Ниво А4–11
- Ниво А5–2

Категорија Б – уметнички соработници за подготвување на музичко сценски дела:
- Ниво Б1–1 Друг уметнички соработник за аудио и видео продукција
- Ниво Б2-1 Друг уметнички соработник - асистент

Категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата:
- Ниво Г2-1 стручен соработник за музичка архива

или вкупно 20 систематизирани и непополнети работни места за 26 извршители во Уметничката служба – Оркестар за џез музика.

Работните места на помошно–техничките лица во согласност со Законот за култура и Законот за вработените во јавниот сектор:

- Подгрупата 1 категорија/ниво Б2-1 - домаќин
- Подгрупа 1, категорија/ниво Б3 -1 – хигиеничар
- Подгрупа 5, категорија/ниво А1-2 – техничар затон

или вкупно 3 истематизирани и непополнети работни места за 4 извршители.

Систематизацијата на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" – Скопје, е предвидена согласно начелата на ефикасност, ефективност и економичност од причина што бројот на предвидените работни места е согласно основните потреби за работа на Националната установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" – Скопје.

Согласно Законот за култура и Статутот на Национална Установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" - Скопје, органи на раководење и управување на НУ „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" – Скопје се: Управниот одбор и Директорот.

Со оваа структура Национална Установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" – Скопје ќе обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите согласно со закон, други прописи и акти. Ќе има насоченост кон корисниците на услугите, ќе има независност и одговорност при вршењето на службените задачи, ќе има еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици, како ид елегирање на овластувања и меѓу-секторска координација.

**НУ „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија" – Скопје**
**в.д. Директор**

Гоце Стевковски